Бр: 10-130
Скопје:

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 10, член 15 став (5), член 16 став (2) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр.145/10), и членот 28 став (10) од Законот за заштита на конкурнцијата(„Службен весник на Република Македонија” бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош поднесено од страна на Министерството за финансии бр. 15-8036/2 од 17.09.2024 година, на седницата одржана 23.09.2024 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За оцена на дозволеноста на доделување на државна помош од страна на Министерството за финансии на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост**

Предлог на Законот за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „ Интерконектор за пренос на природен гас Грција-Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост претставува **државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, која како **индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2) од Законот за контрола на државната помош ја доделува Министерството за финансии и чие доделување е **дозволено** согласно член 8 став (2) точка б) од Законот за контрола на државната помош бидејќи се работи за помош наменета за унапредување на остварувањето на проекти од значаен економски интерес за Република Македонија.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош (во натамошниот текст „Закон”), Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст „КЗК”) е надлежна за оцена и надзор на секој облик на државна помош.

Секој давател на државна помош, дефиниран во член 6 став (1) од Законот е должен, согласно член 13 став (1) од Законот, до КЗК да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

До КЗК од заинтересирано лице беше доставено барање за испитување на евентуално постоење на незаконска државна помош во врска со Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција-Северна Македонија, дел на Северна Македонија", кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост.

Согласно 10, член 11 став (1), член 15 став (4) и член 18 од Законот за контрола на државната помош, на ден 05.07.2023 година Комисијата за заштита на конкуренцијата донесе Заклучок бр. 10-56 за поведување постапка за оценување на дозволеноста на доделувањето на државната помош од страна на Министерството за финансии на основа на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција-Северна Македонија, дел на Северна Македонија", кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост.

За таа цел, КЗК во Заклучокот бр.10-56 од 05.07.2023 година го задолжи Министерството за финансии да ги достави сите податоци потребни за оцена на помошта од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Министерството за финансии на ден 10.08.2023 година со допис бр. 15-8109/2 од 03.08.2023 година, согласно задолжувањето од страна на КЗК кое произлезе од Заклучокот бр.10-56 од 05.07.2023 година, ја достави потребната документација до КЗК.

Согласно член 15 став (5) од Законот за контрола на државната помош, по завршувањето на постапката за оцена на дозволеноста на доделувањето на државната помош, Комисијата за заштита на конкуренцијата носи Решение.

Во врска со Предлог на Законот за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „ Интерконектор за пренос на природен гас Грција-Северна Македонија, дел на Северна Македонија", кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост (во натамошниот текст: Предлог Закон), Министерството за финансии со допис бр. 15-8036/2 од 17.09.2024 година (Наш бр. 10-130 од 17.09.2024 година) достави Известување за гаранцијата која се дава на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост (во натамошниот текст: НОМАГАС) од страна на Владата на Република Северна Македонија преку Министерството за финансии во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 142/11).

Во прилог на Известувањето со допис бр. 15-8036/2 од 17.09.2024 година од страна на Министерството за финансии беа доставени Предлог на Закон за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија", кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, Амандман бр.1 на Финансискиот договор кој треба да се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската инвестициона банка, Амандман бр.1 на Договорот за гаранција кој треба да се склучи меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската инвестициона банка, Амандман бр.1 на Договор за грант кој треба да се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Европската инвестициона банка и Министерството за европски прашања, Биланс на состојба (Извештај за финансиската состојба на ден 30.06.2024 година) на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Биланс на успех (Извештај за добивка или загуба за периодот од 01.01 до 30.06.2024 година) на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Заклучен лист - аналитичка картица на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, и Список на вработени на на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

Имено, во член 1 од Предлог Законот наведено е дека во насловот на Законот зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост" се заменуваат со зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост" . Исто така, во член 2 од Предлог Законот наведено е дека во целиот текст на Законот зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост" се заменуваат со зборовите „Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост".

За таа цел, беа донесени Спогодба за статусна промена-спојување на НЕР АД Скопје и ГАМА АД Скопје, со основање на НОМАГАС АД Скопје со Нотарски Акт ОДУ бр. 611/22 кај овластен нотар од Скопје, Ана Дојчиновска на ден 01.07.2022 година за Спогодба за спојување на трговски друштва како и Статут на НОМАГАС АД Скопје ( „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 281/22 и бр.202/23). Во член 2 од Статутот на НОМАГАС АД Скопје е наведено дека Друштвото настанува со статусна промена-спојување на НЕР АД Скопје и ГА-МА АД Скопје како и тоа дека Друштвото е правен наследник на НЕР АД Скопје и ГА-МА АД Скопје. Друштвото го основа Република Северна Македонија.

КЗК оцени дека Известувањето доставено од страна на Министерството за финансии е уредно и ги содржи сите податоци предвидени во член 14 став (1) од Законот односно дека таквото известување по форма и содржина е во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и

постапката за вршење надзор на постојната државна помош (во натамошниот текст „Уредба”).

КЗК при испитувањето на известувањето ја утврди следната фактичка состојба:

- **Давател на државна помош е:** Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерство за финансии

- **Корисник на државната помош е** Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост

- **Правен основ за доделување на државната помош** претставува правниот акт врз основа на која се доделува помошта– Предлог на Закон за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, Амандман бр.1 на Финансискиот договор кој треба да се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската инвестициона банка, Амандман бр.1 на Договорот за гаранција кој треба да се склучи меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската инвестициона банка и Амандман бр.1 на Договор за грант кој треба да се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Европската инвестициона банка и Министерството за европски прашања

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателите на државната помош претставува државна помош, се оценува исполнувањето на кумулативен начин на четирите следни критериуми:

- таквата мерка да опфаќа потенцијален или реализиран расход на државни средства;
- да биде селективна;
- да претставува економска поволност за примателот и
- да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

Според КЗК, Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии, доделува државна помош во вид на индивидуална гаранција на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

КЗК утврди дека Предлог Законот претставува државна помош заради фактот што:

- опфаќа потенцијален расход на државни средства бидејќи во член 1 од Предлог Законот е предвидено дека Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, склучен меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, во износ до 28.900.000 евра, доколку Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост не ги исполнува и сервисира обврските од Финансискиот договор.

- селективноста се гледа во фактот на одредување само на еден економски оператор - Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост кој ја добива гаранцијата;

- претставува поволност за примателот бидејќи со таквата доделена државна помош им се овозможува економска предност на пазарот споредено со другите конкуренти кои нема да добиваат таков вид на помош и

- таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата затоа што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

Во овој случај, при испитувањето на дозволеноста на доделувањето на државната помош, а согласно член 3 став (3) од Законот за контрола на државната помош, КЗК ја применува Белешката на Европската Комисија за примена на членовите 87 и 88 од Договорот на Европската Комисија за државна помош во форма на гаранции (Commission Notice on the application of Articles 87 and 88 of the EC Treaty to State aid in the form of guarantees – EUR-Lex – 52008XC0620(02) - во натамошниот текст Белешка).

Оценката на државната помош од страна на КЗК е заснована на точката 3.2 од Белешката (индивидуални гаранции).

Во оваа точка, преку исполнување на одредени услови, е наведено како се одредува дали постои или не постои државна помош во издадената гаранција. Исполнувањето на условите наведени во точката 3.2. од Белешката не подразбира државна помош за дадената државна гаранција, ако: а) претпријатието не е во финансиски потешкотии; б) обемот на гаранцијата може правилно да се измери во моментот кога ќе се дава (гаранцијата мора да биде поврзана со одредена финансиска трансакција, за фиксен максимален износ и ограничен во време); в) гаранцијата не опфаќа повеќе од 80% од заостанатиот заем или други финансиски средства (како што ќе се намали долгот и гаранцијата да не покрива повеќе од 80% од заостанатиот заем или финансиска обврска), при што постои исклучок за претпријатија кои извршуваат услуги од општ економски интерес и г) дадената гаранција треба да се надомести со соодветна премија.

Со оглед на тоа дека во овој случај не се исполнети последните два услови, КЗК оценува дека во случајов се работи за државна помош во смисла на член 5 од Законот за контрола на државната помош.

Во Известувањето е наведено дека Проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“ е од стратешко значење за Република Северна Македонија. Со проектот е опфатена изградбата на интерконекторот за пренос на природен гас со Грција.Проектот е еден од најприоритетните проекти за Република Северна Македонија, за регионот, како и за Енергетската Заедница и истиот е поддржан од сите релевантни европски институции.

Имплементацијата на проектот ќе придонесе кон обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните. Проектот ќе придонесе за економски развој на регионот и енергетска регионална соработка.

Со оглед на фактот што во Република Северна Македонија има многу високо загадување на воздухот поради согорувањето на дрва, нафта и ѓубре за греење, придобивките од воведувањето на природен гас можат да се видат и преку унапредување и заштита на животната средина со поголема искористеност на природниот гас како еколошки чист енергенс.

Република Северна Македонија е земја која досега се потпира на цврсти горива со широк опсег на употреба на енергија и главно греење и производство на електрична енергија. Резултатот е високо производство на јаглерод диоксид.

Согласно стратегиите и националните планови за развој на енергетиката во Република Северна Македонија, природниот гас претставува транзитен енергент кон зелената енергија и неговата поширока достапност е придонес кон развој на зелената енергија.

Реализацијата на проектот опфаќа изградба на магистрален гасовод за пренос на природен гас за поврзување на Република Северна Македонија со Република Грција, што ќе се овозможи обезбедување на дополнителни количини од друг извор на снабдување со природен гас во Република Северна Македонија, диверзификација, сигурност во снабдувањето и можност за намалување на увозната цена на природниот гас, бидејќи ќе се обезбеди достапност на природен гас од повеќе различни извори на природен гас.

Овој проект е предвиден во стратешките документи:

- Програмата за работа на Владата на Република Македонија за периодот 2024-2028,

- Единствена листа со приоритетни проекти, усвоена од страна на Владата на 30.05.2024 година и

- Програма на економски реформи 2024 - 2026

Покрај тоа, проектот е поддржан од Европската комисија, така што истиот е подготвен со техничка помош од ЕУ - КОНЕКТА, додека во декември 2020 година, во рамки на ЕУ инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан - ВБИФ обезбедени се 12.724.000 евра ВБИФ грант (9.900.000 евра инвестициски грант, 2.475.000 евра грант за техничка поддршка, 50.000 евра за комуникации и видливост на проектот и 299.000 евра провизија за

управување за ЕИБ). На 22.12.2021 година склучен е Договорот за грант меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост (сегашно Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост), Европската инвестициона банка и Секретаријатот за европски прашања (сегашно Министерство за европски прашања).

Од горенаведеното Комисијата за заштита на конкуренцијата заклучи дека Предлог Законот претставува државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот заради фактот што таквата доделена помош подразбира расход на државата и истата ја нарушува или може да ја наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на определено претпријатие која не би била можна без доделената државна помош или преку фаворизирање на производството на одредени стоки или давањето на одредени услуги. Ваквата државна помош доделена од страна на Министерството за финансии е дозволена во смисла на член 8 став (2) точка б) од Законот, бидејќи се работи за помош наменета за унапредување на остварувањето на проекти од значаен економски интерес за Република Македонија.

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на оваа решение.

Согласно член 26 став (3) од Законот за контрола на државната помош, тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Ана Николоска**